Изјава на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод
30 годишниот јубилеј на Армијата
15.08.2022 година – Скопје

Почитувани претставници на медиумите,

почитувани присутни,

На 18ти Август оваа година  Армијата одблежува голем и значаен јубилеј – 30 години од формирањето на Армијата, 30 години независна Армија. Изминативе неколку месеци со поединечни настани оддадовме признание и ги одбележавме деновите на единиците, а во наредните неколку дена следуваат неколку поголеми и помасовни настани.

Утре, на свечен настан во Касарна „Илинден” на повеќе од 200 офицери, подофицери и цивилни лица во Армијата, заедно со Началникот на Генералаштабот ќе доделиме златни значки за долгогодишна служба во Армијата, со што ќе оддадеме благодарност на воие припадници на Армијата за сите долги работни денови, за нивниот труд и напорна работа, за нивниот личен влог која овозможи да имаме Армија достојна за почит, Армија која има највисока доверба кај нашите граѓани.

Секако, Армијата постои за граѓаните и затоа покрај овие свеченостите организираме и настан на кој се поканети сите граѓани на 17-ти август во 18.30 часот на Воениот стадион, таму граѓаните ќе имаат можност да ја видат дел од најновата модерна опрема на Армијата, да се дружат со армиските специјалци и секако да се забавуваат со воениот оркестар и со изведбата на повеќе наши музички ѕвезди.  Се разбира ве повикувам и вас претставници на медиумите да ни се придружите во одбележувањето на овој значаен јубилеј.

На Денот на Армијата, 18 август, под мотото „30 години безбедност, стабилност, доверба“, ќе се одржи централна прослава во касарната Илинден, настан кој ќе се пренесува и на нашиот јавен сервис.

Во изминатите 30 години Армијата постигна многу.

Денеска Армијата е наша национална гордост, дел од најмоќниот воено-политички сојуз – НАТО Алијансата.

Тоа е Армија која забрзано се модернизира и тоа веќе станува видливо. Во среда на Воениот стадион, ќе бидат изложени првите 6 нови оклопни транспортери од американско производство кои неодамна пристигнаа и со кои значително се влијае на подобрувањето на борбената готовност на Армијата. До крајот на годината ќе биде испорачана нова пратка, од 27 вакви возила и понатаму следуваат испораките согласно договорот. Се разбира, продолжуваме и со набавка на други системи кои ни се потребни, набавка на специјални возила за посебни намени, артилериски системи и муниција, против-воздушен одбранбен систем, а во наредниот период ќе започнеме и со обнова на нашата воздухопловна компонента.

Но, покрај модернизацијата и набавката на воена опрема и вооружување, големо внимание посветуваме и на дијалогот со синдикатите и унапредувањата на правата на припадниците на Армијата. Кон крајот на минатиот месец беа изгласани измените и дополнувањата на Законот за служба во Армијата, со кои сакаме да обезбедиме и обезбедуваме фер услови за работа на припадницте и валоризација на нивното место во нашето општество. Она што ме радува најмногу е што овие измени ги донесовме со голема поддршка, исто како што во процесот на изработка на ова законско решение имавме силна соработка и сплотеност со сите чинители – со Армијата и со сите синдикати од областа на безбедноста.

Ќе дозволите само накусо да напомнам неколку придобивки од овој закон тоа се - стекнување на правото на пензија со навршени 40, односно 38 години за армиските припаднички во висина од 80 проценти од најповолните 10 години работен стаж, можност за исплата на отпремнина за професионалните војници кои сакаат по навршување на 45 години старост да ја напуштат армијата, и тоа ќе биде во висина од две просечни плати, но не помалку од 1.000 евра за секоја година помината во Армијата, правото на станарина веќе сега ќе го има секој припадник на Армијата од моментот на пристапување во Армијата, исплата на боледување во висина од 100 проценти од платата но воведовме и поволни услови за стипендирање на млади и перспективни кадри кои се дел од критичните специјалности за Армијата.

Работиме континуирано и сеопфатно и затоа резултатите се видливи. Тука сакам да се осврнам и на одбраната и нејзината трансформација согласно стандардите на НАТО, стратегијата НАТО 2030 и новиот Стратешки концепт на НАТО. Нашата основна цел е: Безбедни дома, одговорни во НАТО! Изработивме Концепт МКД Одбрана 2030, кој се состои од три главни столбови и пет мисии. Ова ја покажува нашата одлучност да

бидеме активна членка на Алијансата и за се што содржи Концептот МКД Одбрана 2030 дополнително ќе Ве информирам за време на брифингот.

Почитувани,

За достигнувањата на Армијата во изминатите 30 години заслужни се и сите досегашни министри за одбрана, сите досегашни началници на Генералштабот, сите генерали, но и сите вработени во одбраната и во Армијата, и јас им благодарам за нивниот придонес во развојот на она што претставува столб на нашата држава. Тие оставија белег во одбраната и сите имаат заслуга за она што го достигнавме. Армијата на Република Северна Македонија точно три децении е стожерот на нашата државност, нашата стабилност, безбедноста на секој од нас, безбедноста на нашите поколенија. Армија која секој граѓанин ја смета за своја, Армија која го пресликува мозаикот на различности на нашата татковина, сплотени во една единствена заедничка цел и мисија – безбедна татковина, безбедни граѓани.

На крај благодарност упатувам и до вас, претставниците на медиумите, кои секогаш одговорно и професионално известувате за сите случувања и настани од областа на одбраната, сте наши сојузници понекогаш и критичари но тоа е секогаш добронамерно, затоа што одговорноста за силни функционални, транспарентни институции подеднакво ја споделуваме а овај партнерски однос со вас и во иднина ќе го негуваме.

Ви благодарам.